# СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТА

**10 јули, 2008 година**

**Предмет:** Промоција на двете книги **„Структура на јавните финансии во Република Македонија“** и **„Економско разведрување“** од Проф. д-р Томе Неновски

На **10-ти јули 2008 година**, **Институтот за економски стратегии и меѓународни односи ОХРИД** ќе ја одржи промоцијата на двете книги на Професорот Томе Неновски **„Структура на јавните финансии во Република Македонија“** и **„Економско разведрување“.** Промоцијата ќе се одржи во хотел Холидеј Ин на 10 јули, четврток, во 12 часот. Издавач на книгата **„Структура на јавните финансии во Република Македонија“** е Институтот ОХРИД од Скопје. Начинот на кој што е структурирана оваа книга, може да добие третман на своевиден прирачник за сите лица што се ангажирани во реализацијата на системот на јавни финансии на централно и локално ниво. Своевидно, книгата може да преставува корисно четиво и за сите институции, стопанственици и граѓани, кои, директно или индиректно се вклучени во системот на создавање или на трошење на јавните средства.

**Институт за економски стратегии и меѓународни односи - ОХРИД**
Димитрије Туцовиќ 24, Скопје, Македонија тел/факс +389 2 322 44 57
www.oi.org.mk; e-mail: info@oi.org.mk

На промоцијата Професорот Неновски ќе ја истакне иницијативата за пишување на овие две книги и есенцијата кои ја содржат во себе. Како промотири на овие две книги ќе се појават Професор д-р  Марјан Бојаџиев, Универзитет Американ Колеџ, д-р Снежана Костадиноска – Милошеска, државен секретар во Министерството за финансии и м-р Билјана Јанева, Извршен директор на Институтот ОХРИД.

Институтот за економски стратегии и меѓународни односи ОХРИД ја препозна потребата за издавање на овие книги и со несебичност потпомогна кон издавањето и промовирањето на истите.

**Институт за економски стратегии и меѓународни односи - ОХРИД**
Димитрије Туцовиќ 24, Скопје, Македонија тел/факс +389 2 322 44 57
www.oi.org.mk; e-mail: info@oi.org.mk